21847 НОВА МАКЕДОНИЈА, 5.XI.1974

РАЗГОВОРИ НА ИЗЛОЖБА

# МАТЕРИЈАЛОТ И ИДЕЈАТА СЕ НЕРАСКИНЛИВО ВРЗАНИ

## ДОБРАТА СКУЛПТУРА ИСТОВРЕМЕНО ЗНАЧИ НАЈДЕН ЗАЕДНИЧКИ ЈАЗИК МЕЃУ МАТЕРИЈАТА, ФОРМАТА, ИДЕЈАТА И ПОРАКАТА — ВЕЛИ СКУЛПТОРОТ НАСО БЕКАРОВСКИ

Деновиве во Уметничката галерија во Скопје е отворена самостојна изложба на скулпторот **Насо Бекаровски.** Во творештвото на Бекаровски, кој повеќе од една деценија е активно присутен во нашиот ликовен живот се видливи две фази. Првата — фигуративна, во која изработува глави, фигури, фигурални групи во глина, во која формите и движењата се широки, топли, упростени, во кои пораката е чемерот, грчот, драмата и трагиката што авторот ја носи во себе. Во втората фаза од неговото творештво тој како изразни средства ги користи железото, честопати комбинирано со дрво. Токму од овој период се и 20-те скулптури што деновиве се изложени во Уметничката галерија.



**■ Што донесува вашата најнова самостојна изложба?**

— Дваесетте скулптури во метал и дрво тематски сочинуваат една целина и ако не се предодредени да го кажат тоа. Речиси сите се инспирирани од блиската и подалечната историја на Македонија и македонскиот народ. Меѓу нив има и три—четири што донесуваат општо—човечки идеи кои не важат за една земја или не поддржуваат една определена идеја. Целата изложба е порака против насилството и говори за доброто на човекот и човештвото при што е видлива голема доза на оптимизам дека добрата иднина доаѓа, дека утре ќе биде подобро.

**■ Колку материјалот може да ја одреди формата и да влијае врз содржината на уметниковото искажување?**

— Секако употребениот материјал обусловува некакви рамки на искажување, но секогаш идејата доаѓа пред материјалот и материјалот и идејата најчесто се нераскинливо поврзани. Секој материјал бара соодветен третман. Авторот треба да се сообрази со материјалот, идејата и своите преокупации. Добра скулптура истовремено значи најден заеднички јазик меѓу материјата, формата, идејата и пораката.

**■ Вашите скулптури добиваат монументални димензии. Каква е нивната порака гледана од овој аспект?**

— Моите скулптури се третирани едноставно, во широки површини чиј однос дава апсолутна монументалност. Практично самите пораки и идеи обусловуваат делата да добијат монументални димензии. Да речеме такви се творбите „Вековен стил“, „Визија—традиција“, „Првата голема свеченост“, „Крила на слободата“ и други.

**Л. Мазова**

НОВА МАК., 5.XI.1974